*Кон 73. број на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет – Скопје*

Пред две години едно од најстарите македонски научни списанија, *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет*, одбележа еден значаен јубилеј – 70 години од неговото излегување. Токму во првиот број на ова наше списание можеме да ги забележиме втемелувачите на современата македонска општествена и хуманистичка мисла – професорите Илиевски, Коцо, Поленаковиќ и Конески. Тие започнаа еден тежок и макотрпен процес на развој на македонската општествена и хуманистичка наука, процес кој нема крај и постојано се развива. Јазикот на кој пишуваа е истиот и денене – македонскиот. Ова го споменувам заради една тенденција на негирање на нашиот јазик и неговото потекло. Токму пишувањето на македонски јазик покажува дека истиот живее, се развива и дава придонес, не само за македонската наука, туку и пошироко.

Пред нас го имаме најновото издание на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет, во кој има голем број на трудови од автори од нашиот факултет, кој е хетероген во својот состав, а од таа хетерогеност ја црпи и својата сила. Низ страниците на овој број ќе може да прочитате статии кои обработуваат разни теми и ја прикажуваат хетерогеноста на Факултетот. Токму таа хетерогеност го прави секој број на ова наше списание интересно за читателите. Се разбира некои се заинтересирани само за трудовите за кои имаат научен или пак личен интерес. Други пак ќе ги прочитаат сите трудови објавени во списанието. И едните и другите ќе извлечат свои заклучоци за текстовите. Слободно може да кажам дека текстовите во ова списание се сè подобри од година во година. Една од целите на редакцискиот одбор во овој состав е Годишниот зборник на Филозофскиот факултет да почне да биде индексиран, и поважно, трудовите од истиот да бидат сè повеќе цитирани надвор од границите на Макеоднија. Токму затоа треба да оддадеме признание на претходниот состав на редакцискиот одбор кој донесе решение текстовите во списанието да се објавуваат на македонски и на англиски јазик. Во овој број ќе прочитате и неколку текстови посветени на неодамна починати наши колеги. Тоа го должиме кон нив и како луѓе и како колеги, но и да покажеме дека ништо не почнува од нас, ниту пак завршува со нас. Почитта кон нашите претходници, нивните дела и нивниот придонес за равојот на факултетот не е само обврска, туку и човечка доблест.

Оваа година Филозофскиот факултет слави 100 години од своето основање. Ова наше списание е одраз на работата на најстарата македонска високообразовна институција. Се надевам дека овој број со трудовите кои се во него ќе покаже дека Филозофскиот факултет, не само што е најстара високообразовна институција во државата, туку е една од најдобрите кога е

во прашање научната работа. Во мое име и во името на целиот редакциски одбор го честитам овој голем јубилеј.

На крајот морам да забележам дека издавањето на овој број е заслуга и на авторите кои ги приложија своите трудови и на целиот состав на редакцискиот одбор на кои им ја искажувам личната благодарност.

Проф. Д-р Далибор Јовановски
Претседател на редакцискиот одбор на Годишниот зборник